ТАТЈАНА ГОРИЧЕВА

# Светост и стварност (2)

Црквата е голем настан на креативност. Педесетницата е нејзин вечен почеток и нејзино вечно продолжение. Светиот Дух „сè прави ново“. Огнената и креативната природа на Црквата ја прави проѕирна, но таа проѕирност сосема се разликува од јавноста. Црквата е проѕирна како погледот на Бога, светителите, Мајката Божја. Таа е проѕирна во нејзините случувања (сè се случува само еднаш, без повторување!), во нејзината креативност. Во Црквата стварноста на секој миг е сè поголема. Како и сè што е живо, и Црквата расте од сила во сила, од создавање во создавање.

Црквата секогаш е времена и вонвремена, оти секој нејзин ден е - последен, секој момент е исполнет со благодат. Креативната есхатологија на Црквата е спротивна на вонвременоста и вкочанетоста на дадениот момент во пеколот. На светот на паразитите во Црквата му е спротивставен свет на новиот, создавачки еон. Како што пишува отец Николај Афанасјев: „Ние веруваме дека во Црквата е исполнето старозаветното пророштво: и последниот ден, рече Бог, секое тело ќе се допре од Духот Мој...“ (Дневници 2, 17). *И во последните денови, вели Господ, ќе излеам од Духот мој врз секое тело...* (Дела, 17). Не одреден број, којшто може да биде поголем или помал, туку врз сите Господ ќе го излее Својот Дух. Не некои, туку сите се харизматични, бидејќи добиле дар од Духот. Духот ги допрел сите како ‘залог’ на новиот еон што ѝ припаѓа на Црквата... Таа и е почеток „на последните денови“ (Афанасјев, *Црквата на Светиот Дух*, Париз, 1971).

КРАТКА БИОГРАФИЈА НА ТАТЈАНА ГОРИЧЕВА: РОДЕНА Е ВО ЛЕНИНГРАД ВО 1947 ГОДИНА. НА 26 Г. ВОЗРАСТ МУ ПРИЈДЕ НА ПРАВОСЛАВИЕТО. ПИСАТЕЛКА И ФИЛОЗОФ. ЖЕНА НА В. Б. КРИВУЛИН. КОУРЕДНИК НА САМИЗДАТСКОТО (НЕЗАВИСНОТО) СПИСАНИЕ „37“. УЧЕСНИЧКА НА ФЕМИНИСТИЧКОТО ДВИЖЕЊЕ ВО ЛЕНИНГРАД. ГИ УРЕДУВА САМОИЗДАТСКИТЕ СПИСАНИЈА „ЖЕНАТА И РУСИЈА“ И „МАРИЈА“. ВО 1980 Е ПРОТЕРАНА ОД СССР ЗА ВРЕМЕ НА ОЛИМПИЈАДАТА. ЖИВЕЕШЕ ВО ФРАНЦИЈА. СТУДИРА НА КАТОЛИЧКИОТ ИНСТИТУТ НА СВ. ГЕОРГИЈ (ФРАНКФУРТ НА МАЈНА), НА ПРАВОСЛАВНИОТ БОГОСЛОВСКИ ИНСТИТУТ НА СВ. СЕРГЕЈ ВО ПАРИЗ. ПОСЕТУВА ПРЕДАВАЊА НА СОРБОНА. ГО УРЕДИ АЛМАНАХОТ „БЕСЕДИ“. ПО 1985 Г. СЕ ВРАТИ ВО РУСИЈА И ЖИВЕЕ ВО ПЕТЕРБУРГ.





Сега ќе се позанимаваме со описот на стварноста што го наведува ученикот на Лакан, психоаналитичарот Славој Жижек: „Реалноста е појдовна точка, основа на процесот на симболизација, тоа е она одвишното, "Superflue", остатокот којшто никаде не се вклопува“. „Реалноста е полнота на постојаното, позитивно присуство: ‘не постои ништо што ни недостасува’...“ „Истовремено, реалноста е празнина, дупка во срцето на симболичното околу која и се образува окото на таа централна празнина. На прв поглед се чини како реалното да го сочинува еден нуклеус којшто не може да се негира, нуклеус којшто не е подложен на дијалектичка негација - но, треба да се каже дека тоа е такво само затоа што, дури и позитивно, реалното не е ништо друго освен позитивација на празнината: реалниот предмет е многу кревок. Тој ја инкарнира празнината, дупката во нешто друго. Тој не може да се негира, бидејќи, со оглед на тоа дека е позитивен, тој претставува инкарнација на негацијата (види: "L'Ane", N 27, 1986, n. 16-17).

Тоа што Жижек го опишува како ‘реално’ може да се опише и како ‘свето’, оти светото и е навистина ‘par exellance’.

Светиот човек - тоа е појдовната точка. Тој не може да се вклучи во процесот на симболизација ниту во процесот на формализација ниту во процесот на поделба на улогите. Во него нема невротична двосмисленост којашто тоа би го овозможила. Светителот не е подложен на дијалектика. Тој е необјаснив. За него никој не може да суди (иако: „Духовниот човек суди за сè“ (1 Кор.).



...РЕАЛНОТО НЕ Е НИШТО ДРУГО ОСВЕН ПОЗИТИВАЦИЈА НА ПРАЗНИНАТА: РЕАЛНИОТ ПРЕДМЕТ Е МНОГУ КРЕВОК. ТОА ЈА ИНКАРНИРА ПРАЗНИНАТА, ДУПКАТА ВО НЕШТО ДРУГО. ТОЈ НЕ МОЖЕ ДА СЕ НЕГИРА, БИДЕЈЌИ, СО ОГЛЕД НА ТОА ДЕКА Е ПОЗИТИВЕН, ТОЈ ПРЕТСТАВУВА ИНКАРНАЦИЈА НА НЕГАЦИЈАТА...

Христијанството не може да се објасни, образложи, дури ни да се оправда, оти светоста е секогаш „одвишок“, таа секогаш е вон секакво објаснување.
Светоста е полнота на конкретното присуство. Во неа нема недостатоци. И воедно, нема посуптилен, почувствителен дел од животот од духовниот. Светоста е најреткиот, најскапоцен цвет на скалилото на човечките вредности. Таа е речиси невозможна, но стварна.
Светоста е само празнина, голема дупка низ која се спушта Бог. Тоа е сад за прифаќање на Светиот Дух, инкарнација на ништото. Нема поголемо одрекување од она коешто на себе го зеде Господ Исус Христос - одрекувањето на Крстот. Тоа е најдлабокиот, најоддалечениот, најнедостижниот облик на постоење. Светителот е пораз за секое повторување, копирање, играње со стварноста. Тој е непосреден. Не носи маска. Секогаш е во целост присутен, додека другите луѓе живеат меѓу отсутноста и присутноста. Тоа што светителот е секогаш овде, му дава сила да ги прави стварни и сите луѓе околу себе, како и целиот свет што го опкружува. Контактот со светиот човек - дури и контактот без зборови, тоа е секогаш пронаоѓање на самите себе. Светителот е присутен, но таа присутност е истовремено и премин во Другиот (Светителот ја дава и својата облека (Мат. 5, 40), го свртува и другиот образ (Мат. 5, 39), поднесува големи жртви, а сето тоа заради Другиот и во Другиот). Со својата љубов тој го прави стварен и оној кој што нему му се обраќа. Таа љубов може да ја поднесе само оној којшто ѝ се предава во целост. И тогаш веќе нема прашања, ни проблеми, човекот е во апсолутна хармонија со самиот себеси и со космосот.



Богородица, Влахерна

## ‘ЕДНАШ’ НА ХРИСТИЈАНСТВОТО

Во извонредната бајка-метафора "Les Theologiens" Борхес ја опишува денешната состојба на умот преку древните секти. Една од сектите се „монотони“. Тие сметаат дека историјата се повторува, дека се врти во круг.
.....
Борхесовата мисла понатаму се развива во социолошкото учење на Бодријар и другите современи философи, коишто за нашиот свет говорат како за свет на постојани повторувања, simulacrum -и, огледала и цитати. Борхес наведува примери само од античката митологија, но ни денешната европска култура нема отидено подалеку: нејзините архетипови, идеи, интуиции, се поблиску до античката митологија отколку до христијанската благовест. Картезијанскиот рационализам, власта на разумот - е прв пример за победата на паганската идеја за „вечното враќање“. За тоа добро пишуваше Хајдегер и покажа дека разумот неминовно мора да се врати во себе самиот, бидејќи тој по својата природа е телеологичен, и може да го појми само она што порано веќе го знаел. Значи, разумот може да го сфати само минатото.
Вечното враќање е судбината и на марксистичкото и на фројдовското учење. И Маркс и Фројд го лишуваат човекот од слободата: кај Маркс човекот е жртва на социјалните процеси, а кај Фројд - на своето детство. Маркс и Фројд беа највлијателните мислители во првата половина на 20 век. И кај другите, дури и кај егзистенцијалистите го наоѓаме тој круг; истото тоа „вечно враќање“ го наоѓаме во стоицизмот на Ками, чијшто човек, слично на Сизиф, мора постојано да го турка истиот камен по угорнината.

И НА ЗАПАДНИОТ, И НА ИСТОЧНИОТ СВЕТ ИМ СЕ ПОТРЕБНИ СВЕТИ ЛУЃЕ, КОИШТО БИ ПОКАЖАЛЕ ДЕКА СВЕТОТ Е ПРЕДОДРЕДЕН ЗА НЕШТО ГОЛЕМО: ЧОВЕКОТ ТРЕБА ДА БИДЕ СОРАБОТНИК ВО ЛОЗЈЕТО ГОСПОДОВО, ДА БИДЕ ТВОРЕЦ НА НОВИОТ ЕОН - НОВИОТ РАЈ - НОВАТА ЗЕМЈА И НОВОТО НЕБО. ЧОВЕКОТ НЕ Е ПАРАЗИТ, ТУКУ СОТРУДНИК БОЖЈИ.

СВЕТОСТА Е ПОЛНОТА НА КОНКРЕТНОТО ПРИСУСТВО. ВО НЕА НЕМА НЕДОСТАТОЦИ. И ВОЕДНО, НЕМА ПОСУПРИЛЕН, ПОЧУВСТВИТЕЛЕН ДЕЛ ОД ЖИВОТОТ ОД ДУХОВНИОТ.

Одвишно е да се каже дека христијанството го прекина тој иманентен круг. Господ Исус Христос е распнат само еднаш (Евр. 9), само еднаш воскресна. Евхаристијата е една. Секоја човечка душа, според христијанското учење, е единствена. Христијанството на нашиот свет му донесе неповторливост, конкретност и историчност. Обата наши светови, и Западот и Истокот, денес преживуваат криза. На Исток победи духот на непостоењето, на демоните отворено и неприкриено им е дадено да владеат со луѓето.

Но на Запад, духот на непостоењето станува сè посилен - луѓето како да не постојат, како да ја загубиле својата врска со изворот на животот.

И на западниот, и на источниот свет им се потребни свети луѓе, коишто би покажале дека светот е предодреден за нешто големо: човекот треба да биде соработник во лозјето Господово, да биде творец на новиот еон - новиот рај - новата земја и новото небо. Човекот не е паразит, туку сотрудник Божји.

И тогаш за човештвото нема да биде страшен ни одвишокот, ни гладта, ни богатството; тогаш тој ќе живее според законите на реалноста, т.е. по заповедите на блаженството: *блажени се сиромашните по дух, оти нивно е Царството Небесно*!

СО СВОЈАТА ЉУБОВ СВЕТИТЕЛОТ ГО ПРАВИ СТВАРЕН И ОНОЈ КОЈШТО НЕМУ МУ СЕ ОБРАЌА. ТАА ЉУБОВ МОЖЕ ДА ЈА ПОДНЕСЕ САМО ОНОЈ КОЈШТО Ѝ СЕ ПРЕДАВА ВО ЦЕЛОСТ. И ТОГАШ ВЕЌЕ НЕМА ПРАШАЊА, НИ ПРОБЛЕМИ, ЧОВЕКОТ Е ВО АПСОЛУТНА ХАРМОНИЈА СО САМИОТ СЕБЕСИ И СО КОСМОСОТ.

Човекот тогаш ќе биде икона Божја, а не икона на компјутерот. Тогаш неговата мисла нема да биде само линеарна, формална, таа нема сè примитивно да упростува. Ќе биде способна да ги прифати и законите на другата логика - логиката на алогичните проблеснувања, каде што паралелните линии можат да се вкрстат, каде што не може сè да се пресмета - а тоа е логиката на љубовта.



